# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ

**Atenolol Alkaloid/Атенолол Алкалоид**
**50 mg или 100 mg филм-обложени таблети**
**atenolol**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- Чувајте го упатството, можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава што не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**


1. Што претставува Атенолол Алкалоид и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Атенолол Алкалоид
3. Како да се употребува Атенолол Алкалоид
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Атенолол Алкалоид
6. Дополнителни информации


## 1. Што претставува Атенолол Алкалоид и за што се употребува

Активна супстанција во Атенолол Алкалоид е атенолол. Атенололот е кардиоселективен бета-блокатор.
Атенолол Алкалоид се користи за:

- лекување висок крвен притисок (хипертензија);
- лекување нарушувања на срцевиот ритам (аритмија);
- спречување појава на градна болка (ангина);
- заштита на срцето, како рана терапија по срцев удар (миокарден инфаркт).

## 2. Што мора да знаете пред да употребите Атенолол Алкалоид

**Немојте да употребувате Атенолол Алкалоид ако:**

- сте алергични (преосетливи) на атенолол или на некоја супстанција на лекот;
- имате или сте имале некое од следните срцеви заболувања: срцева слабост која не е контролирана, срцев блок од втор или од трет степен, забавена или неправилна работа на срцето, низок крвен притисок;
- имате феохромоцитом – тумор кој најчесто се наоѓа во близина на бубрегот и може да предизвика покачување на крвниот притисок, а не земате терапија за негов третман (ако како терапија за феохромоцитомот Ви биде препишана терапија со Атенолол Алкалоид, Вашиот доктор ќе Ви даде и друг лек – алфа-блокатор којшто треба да го употребувате истовремено со Атенолол Алкалоид);
- имате метаболична ацидоза.

**Бидете особено претпазливи со Атенолол Алкалоид ако имате:**

- проблеми со дишењето (астма, хронична опструктивна белодробна болест);


АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- срцев блок од прв степен;
- контролирана срцева слабост;
- тип градна болка (ангина) наречена Принцметалова ангина;
- проблеми со циркулацијата (Рејнодово заболување);
- шеќерна болест;
- хипертироидизам (зголемена работа на тироидната жлезда);
- заболувања на бубрезите;
- псоријаза.

Пред каква било хируршка интервенција, известете го Вашиот доктор или стоматологот за лекот што го земате.
Неопходна е претпазливост кај постари пациенти.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*
Известете го Вашиот доктор ако употребувате:
- клонидин (лек за висок крвен притисок или за мигрена);
- лекови за срцева слабост (на пр. дигоксин);
- калциумови блокатори (на пр. верапамил, дилтијазем);
- антиаритмици (кинидин, дисопирамид, амиодарон);
- лекови за терапија на шеќерна болест (на пр. инсулин, глибенкламид);
- нестероидни антиинфламаторни лекови (на пр. индометацин, ибупрофен);
- адреналин, познат и како епинефрин (лек којшто го стимулира срцето).

Пред каква било хируршка интервенција, известете го Вашиот доктор или стоматологот за лекот што го земате. Општите анестетици може да го зголемат антихипертензивниот ефект и да предизвикаат продолжено намалување на крвниот притисок.

**Земање Атенолол Алкалоид со храна или со пијалак**
Атенолол Алкалоид филм-обложените таблети се земаат наутро, пред оброк, со вода. За време на терапијата со Атенолол Алкалоид треба да се избегнуваат алкохолни пијалаци.

**Бременост и доење**
*Побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт пред да земете каков било лек.*
Атенолол Алкалоид не треба да се користи за време на бременоста и на доењето, освен по препорака на доктор.

**Влијание врз способноста за возење и за ракување со машини**
Атенолол Алкалоид, веројатно, нема да има влијание врз Вашата способност за возење и за ракување со машини. Доколку почувствувате вртоглавица или замор додека го земате овој лек, треба да избегнувате возење и ракување со машини.

Овој лек содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) по таблета, односно во суштина е „без натриум“.

## 3. Како да се употребува Атенолол Алкалоид

*Секогаш земајте Атенолол Алкалоид точно онака како што Ви пропишал докторот. Ако не сте сигурни како, консултирајте се со доктор или со фармацевт.*

Вашиот доктор ќе Ви објасни колку точно Атенолол Алкалоид треба да земете, колку често и колку долго треба да го земате лекот. Важно е да се придржувате до дозата што

AGJENCIA PËR BARNAT DHE PAJISJEVE MJEKSORE
АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP
СКОПЈЕ

ја одредил докторот. Не земајте на своја рака повеќе таблети или почесто од препорачаното.
Атенолол Алкалоид филм-обложените таблети се земаат наутро, пред оброк, со вода. Дневната доза се приспособува индивидуално и според индикацијата за која се употребува лекот.

**Возрасни**
За лекување висок крвен притисок (хипертензија): 25 – 50 mg во почетокот; може да се зголеми до 100 mg на ден, по 7 – 14 дена.
За лекување градна болка (ангина): 50 mg во почетокот; може да се зголеми до 100 mg на ден, по 7 дена.
За лекување неправилна работа на срцето (аритмии): 50 – 100 mg, еднаш дневно.
Рана терапија по срцев удар (миокарден инфаркт): 50 – 100 mg, еднаш дневно.

**Постари пациенти**
За постарите пациенти може да биде потребна помала доза, особено ако имаат проблеми со бубрезите.

**Деца**
Не се препорачува употреба на Атенолол Алкалоид кај деца.

**Пациенти со нарушена бубрежна функција**
Известете го Вашиот доктор доколку имате бубрежно заболување бидејќи може да биде неопходно приспособување на дозата.

**Ако сте зеле поголема доза Атенолол Алкалоид отколку што треба**
*Ако сте зеле поголема доза од препишаната, веднаш побарајте медицинска помош.*
Симптоми на предозирање се забавена работа на срцето, низок крвен притисок, проблеми со дишењето и акутно нарушување на срцевата функција со следните симптоми: вртоглавица, слабост, несвестица, недостиг на воздух или отекување на скочните зглобови.

**Ако сте заборавиле да земете Атенолол Алкалоид**
Во случај да пропуштите доза, земете ја веднаш штом ќе се сетите и продолжете како што Ви е препишано. Доколку наближува времето за наредната доза, не земајте ја пропуштената доза и продолжете со вообичаениот ред на земање на терапијата. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

**Ако престанете да земате Атенолол Алкалоид**
Не прекинувајте ја нагло терапијата со Атенолол Алкалоид без да се консултирате со Вашиот доктор. При нагло прекинување на земањето на лекот може да дојде до влошување на Вашата болест. Симптомите при нагло прекинување на лекот се: влошување на градната болка, стегање или притисок во градите, ширење на градната болка кон вратот и кон раката, потење, отежнато дишење и брза и неправилна работа на срцето. Може да биде неопходно постепено прекинување на терапијата со Атенолол Алкалоид.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите други лекови, и Атенолол Алкалоид може да предизвика несакани дејства, коишто не се појавуваат кај сите пациенти.*

**Чести несакани дејства** (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти, но кај повеќе од 1 на 100 пациенти):
- забавена работа на срцето;
- ладни екстремитети;
- гастроинтестинални проблеми (гадење, пролив);
- замор.

**Невообичаени несакани дејства** (се јавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти, но кај повеќе од 1 на 1 000 пациенти):
- проблеми со спиењето;
- зголемување на хепаталните ензими.

**Ретки несакани дејства** (се јавуваат кај помалку од 1 на 1 000 пациенти, но кај повеќе од 1 на 10 000 пациенти):
- намален број тромбоцити (крвни плочки), што го зголемува ризикот од крвавење и од појава на модринки;
- исип на носот и на образите, во форма на пеперутка (еритематозен лупус);
- промени во расположението, кошмари, конфузија, промена на личноста (психози), халуцинации;
- вртоглавица, главоболка, трпнење на екстремитетите;
- суви очи, нарушување на видот;
- проблеми со срцето кои може да предизвикаат недостиг на воздух или оток на скочните зглобови, блок на срцето (нарушен срцев ритам, вртоглавица, замор, несвестица);
- пад на крвниот притисок при станување, што доведува до појава на вртоглавица, зашеметеност или несвестица, влошување на постојните грчеви во нозете, вкочанетост и грчеви во прстите, придружено со појава на топлина и на болка (Рејнодов феномен);
- проблеми со дишењето поради стеснување на дишните патишта, кај пациенти со астма или со респираторни нарушувања;
- сува уста;
- жолтица (пожолтување на кожата или на белките на очите);
- губење на косата (алопеција), модринки на кожата, исип на кожата, влошување на псоријазата;
- намален сексуален потенцијал кај мажите (импотенција).

**Многу ретки несакани дејства (**се јавуваат кај помалку од 1 на 10 000 пациенти):
- покачување на антинуклеарните антитела.

**Непозната честота** (не може да се утврди врз основа на достапните податоци):
- алергиска реакција (уртикарија, јадеж, отекување на лицето, јазикот и/или на грлото, вртоглавица, проблеми со дишењето);
- синдром сличен на лупус (болест во која имунолошкиот систем произведува антитела кои, главно, ги напаѓаат кожата и зглобовите).

Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект што не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

**Пријавување несакани дејства**
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот доктор или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство што не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите можете да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1) или по електронски пат преку веб-страницата на Агенцијата - http://malmed.gov.mk/.

## 5. Како да се чува Атенолол Алкалоид

Лекот не бара посебни услови за чување.
Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Не употребувајте Атенолол Алкалоид по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода, ниту во смет од домаќинството. Прашајте фармацевт како да ги отстраните лековите што не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. Дополнителни информации

**Што содржи Атенолол Алкалоид**
- *Активна супстанција:* атенолол.

Една таблета содржи 50 mg или 100 mg атенолол.
- *Помошни супстанции:* микрокристална целулоза; натриум скробен гликолат; лимонска киселина, монохидрична; магнезиум стеарат.
  Филм-обвивка: бел опадрај, којшто содржи хипромелоза, титан диоксид и полиетилен гликол 400.

**Изглед на лекот Атенолол Алкалоид и содржина на пакувањето**
Филм-обложените таблети Атенолол Алкалоид од 50 mg се бели, тркалезни, биконвексни, со линија за кршење од едната страна.
Филм-обложените таблети Атенолол Алкалоид од 100 mg се бели, тркалезни, биконвексни, со линија за кршење од едната страна.

<u>Атенолол Алкалоид 50 mg филм-обложени таблети</u>
- 20 таблети спакувани во блистер (Al/PVC). Секој блистер содржи 10 таблети. Кутијата содржи 20 таблети (2 блистери) и упатство за корисникот.

<u>Атенолол Алкалоид 100 mg филм-обложени таблети</u>
- 15 таблети спакувани во блистер (Al/PVC). Секој блистер содржи 15 таблети. Кутијата содржи 15 таблети (1 блистер) и упатство за корисникот.
- 30 таблети спакувани во блистер (Al/PVC). Секој блистер содржи 15 таблети. Кутијата содржи 30 таблети (2 блистери) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на решението за ставање на лекот во промет**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ С... AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE SHKUP СКОПЈЕ

Атенолол Алкалоид 50 mg: 11-2094/4 од 04.09.2017 година
Атенолол Алкалоид 100 mg (за пакување со 15 таблети): 15-4658/14 од 16.02.2015 г.
Атенолол Алкалоид 100 mg (за пакување со 30 таблети): 15-4659/14 од 16.02.2015 г.

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски бр. 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Декември 2024